РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ
Бр. 03-550/1
31. 08. 2026 год.
ВЕЛЕС

ССОУ „Димитрија Чуповски" - Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Прим. 31-08-2026
Орг. 09-3696/1 1

До
Совет на Општина Велес

Предмет: Доставување на годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2025/2026 година

Почитувани,

ССОУ„Димитрија Чуповски"-Велес во прилог Ви доставува годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2025/2026 година.

Со почит.

Во прилог:

- годишен извештај за работата на училиштето во учебната 2025/2026 година

Со почит.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ * ВЕЛЕС *

Директор
Горан Јанков

Врз основа на член 89-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96,35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/2011, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 64/18 и и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20 и 78/25, 132/25 и 250/25) Училишниот одбор при ССОУ „Димитрија Чуповски"-Велес на состанокот одржан на 27.08.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

За предлагање на Годишен извештај за работата на ССОУ "Димитрија Чуповски"-Велес за учебната 2025/2026 година

Член 1

Училишниот одбор го разгледа Годишниот извештај за работата на ССОУ „Димитрија Чуповски"-Велес за учебната 2025/2026 година и истиот го предлага на Совет на Општина Велес за негово донесување.

Член 2

Одлуката стапува во сила од денот на донесување.

Велес, 27.08.2026 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ ВЕЛЕС

Претседател на Училишен одбор

Мартин Ефремов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО СТРУЧНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ДИМИТРИЈА ЧУПОВСКИ
Бр. 02-549/6
27. 08. 2026 год.
ВЕЛЕС

ССОУ „Димитрија Чуповски“ - Велес

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работа на училиштето

за учебна 2025-2026 година

Вовед

2.Лична карта на училиштето

3.Организација на животот и работата во училиштето

3.1. Раководители на паралелки во учебната 2025/2026 година

3.2. Стручно педагошка екипираност на училиштето со кадар

3.3. Планирање и програмирање на наставата

3.4. Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа

3.5. Преглед на учениците при запишување во I година во учебната 2025/2026 година

3.6. Преглед на ученици и паралелки по струки на крајот на наставната 2025/2026 година

3.7. Преглед на стручен кадар

- наставен кадар

- стручен кадар

- раководен кадар

- други вработени

4. Настава – видови настава

4.1. Реализација на воспитно – образовната работа во училиштето

- редовна настава

- практична настава

- феријална пракса

- консултативна настава

- слободни часови

- изборна настава

- дополнителна настава

- додатна настава

4.2. Примена на наставни техники на учење и подучување

5. Развоен план и приоритети на развојниот план за 2025/2026 година

5.1. Задачи , активности и реализација од развојниот план

6. Преглед на планирани и реализирани часови по предмети

7. Преглед на освоени места по натпревари во 2025/2026 година

8. Преглед на општиот успех на учениците на крајот на наставната 2025/2026 година

9. Преглед на успехот на крајот на учебната 2025/2026 година

10. Преглед на изостаноци и поведение на учениците

11. Методи и техники на оценување и вреднување на учениците

12. Дополнителна и додатна настава

13. Учество во организирани манифестации

14. Воннаставни активности

15. Семинари и обуки на наставници

16. Мисија и визија

17. Подрачја на промени и приоритети

- цели на училиштето

Воведен дел

Училиштето „Димитрија Чуповски” своите почетоци ги бележи како отсек во рамките на средното училиште „Здравко Цветковски“ од Скопје во 1946 год. Во овој период веднаш по ослободувањето кога земјата се повеќе се развиваше на полето на индустријата и технологијата се јави потреба од соодветен кадар. Токму затоа, за првпат ќе се отвори хемиско-технолошката струка. Школувањето на почетокот траело три, а од учебната 1950/1951 година четири години. Во рамките на струката се подготвувале кадри за потребите на хемиската индустрија, па како што таа се развивала така се повеќе се разгранувала и разновидноста на потребите од кадар. Почетоците секако дека биле тешки затоа што во работата биле вклучени само неколку технолози, хемичари и техничари, бидејќи бројот на образовани луѓе по ослободувањето бил значително мал. Но ова не било пречка првата генерација успешно да се вклучи во индустријата и стопанството. Во следните генерации поголем акцент се става на зголемувањето на часовите за практична работа, а исто така се воведуваат и нови предмети кои се карактеристични за профилот хемиски техничар.

Во почетокот на 50-тите години Велес постепено прераснува во индустриски центар со фабрики во кои потребен е голем број профили од хемиско-технолошката струка. Затоа, на седница на Народниот одбор на Велес, на 02.07.1956 година донесено е решение за основање на Хемиско училиште со индустриска паралелка и практична обука. Ова училиште започнало со работа од 01.09.1956 година под името „Борис Кидрич“. Според потребите и растот на индустријата се зголемил и бројот на ученици. Во училиштето стекнуваат образование и ученици од различни делови на Македонија. Поради тоа, во истата зграда во центарот на градот бил отворен и интернат за овие ученици. Подоцна интернатот е преселен во посебна зграда и започнал да работи одделно.

Како што се проширувала индустријата и како што Велес прераснувал во индустриски центар се отворале и нови профили за потребите на индустријата во општината, кадар кој веднаш по завршувањето на образованието директно ќе се вклучи во производството. Во овој период се отвара профилот металуршки техничар, а подоцна и кадар за потребите и на текстилната индустрија.

Во учебната 1993/94 година со решение на Министерството за образование и физичка култура училиштето се преименува и го добива името на познатиот македонски деец и борец за слобода, Димитрија Чуповски. Од учебната 2000/2001 година во училиштето беше отворена уште една нова струка, здравствена, со образовен профил фармацевтски техничар, а во следните години и профилите медицинска сестра, физиотерапевтски техничар и медицинско-лабораториски техничар.

Денес средното стручно училиште „Димитрија Чуповски“ е најстарото училиште во кое се изучува хемиско-технолошката струка и најстарото средно стручно училиште од формалното образование во општина Велес. Неговата работа е во постојана корелација со локалната средина, бизнис секторот и агенцијата за вработување, со што се креира уписната политика на училиштето за секоја учебна година. Училиштето постојано врши опремување и осовременување на лабараториите, кабинетите и просториите во кои се изведува настава, организира семинари и обуки за усовршување на наставниот кадар. Сето ова е со цел да се подобри квалитетот на наставата и воедно и наставниот процес.

Во својата 65-годишна работа во воспитно-образовната дејност наставниот кадар максимално се ангажира во создавањето на целосно оформени личности способни да одговорат на барањата на понатамошното образование на високошколските институции, како и во вклучувањето во производствениот процес во бизнис секторот.

1. ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО


Име на училиштето: ССОУ„Димитрија Чуповски“

Адреса на училиштето: ул. „Благој Ѓорев“ бр.40 Велес

e-mail: dimitrijacupovski_ve@yahoo.com

dimitrijachupovski@gmail.com

телефон : 043/619-631



Училиштето ги има следните граници и мери:

-од исток можност за пристап на ул. „Благој Ѓорев“

-од запад со два прелома 165 м и 118 м на ул. „Наум Наумовски Борче“

Реализацијата на воспитно – образовната работа се темели на реализација на наставните планови и програми.

Според календарот за организација на наставата во средните училишта учебната година започна на 01.09.2025 година, а завршува на 10.06.2026 година. Наставната година ја сочинуваа две полугодија, првото започна на 01.09.2025 год. и заврши на 30.12.2025 година, а второто започна на 20.01.2026 година и заврши на 10.06.2026 година, освен за учениците од завршните години за кои редовната настава заврши на 15.05.2026 година. Зимскиот одмор започна на 31.12.2025 година и заврши на 19.01.2026 година. Летниот одмор започна на 11.06.2026 и завршува на 31.08.2026 година.

Наставата во учебната 2025/2026 година, за сите ученици се реализираше согласно модуларните наставни планови и програми за средно стручно образование. Во реализацијата на наставата покрај употребата на наставните планови и програми кои се потпираат врз Законот за средно образование се реализира и годишната програма за работа на училиштето. Во текот на учебната година се реализираа 166 работни, односно наставни денови за учениците од завршните класови и 180 работни-наставни денови за учениците од прва до трета година.

Наставата се изведуваше на македонски јазик во две смени, со почеток во 7:15 часот претпладне, односно 13:30 часот попладне. Учениците беа организирани во 22 паралелки од прва до четврта година во постоечките струки. Наставниот час траеше 45 минути, а часот по практична настава по правило трае 60 минути, по секој час има одмор од по 5 мин со исклучок на големиот одмор (после вториот час претпладне и после третиот час попладне) кој трае по 20 минути. Во текот на првото полугодие немаше прекини на наставата.

Оваа година во училиштето се образуваа кадри од следниве струки:

-Здравствена струка со четиригодишно траење

-Хемиско-технолошка струка со четиригодишно и тригодишно траење

-Лични услуги со четиригодишно траење

Раководители на паралелките во учебната 2025/2026 година

паралелка	Класен раководител	Број на ученици	Образовен профил
1/1	Драгана Јовановска	25	фармацевтски техничар / медицински лабораториско-санитарен техничар
1/2	Валентина Јовева	23	медицинска сестра
1/3	Билјана Штипјанова	27	техничар за козметичка нега и убавина
1/4	Цветанка Иванова	18	техничар за заштита на животна средина
1/5	Надица Теова	17	Пекар
2/1	Мимоза Јовиќ	23	фармацевтски техничар / медицински лабораториско-санитарен техничар
2/2	Билјана В.Бојчев	31	медицинска сестра
2/3	Љубе Јовановски	14	Физитерапевтски техничар / гинеколошко-акушерска сестра
2/4	Емилија Дикова	22	техничар за козметичка нега и убавина
2/5	Верица Ј.Николова	14	техничар за заштита на животна средина/ хемиски лабораториски техничар
2/6	Сандра Стојчиќ	9	Пекар
3/1	Силвана Карагирова	25	фармацевтски техничар / медицински лабораториско-санитарен техничар
3/2	Методи Јованов	32	медицинска сестра
3/3	Љубинка Ртоска	19	Физитерапевтски техничар / гинеколошко-акушерска сестра

3/4	Ирена Карова	26	техничар за козметичка нега и убавина
3/5	Руска Мицева	19	техничар за заштита на животна средина/ хемиски лабораториски техничар
3/6	Селма П.Амедова	7	месопреработувач /пекар
4/1	Билјана Г.Николова	23	фармацевтски техничар
4/2	Маја Михалчев	26	медицинска сестра
4/3	Емилија Најдова	20	Физитерапевтски техничар / гинеколошко-акушерска сестра/ медицински лабораториско-санитарен техничар
4/4	Елеонора Игновска	20	техничар за козметичка нега и убавина
4/5	Марина Крстиќ	13	техничар за заштита на животна средина

Стручно - педагошка екипираност на училиштето со кадар

Во училиштето во текот на наставната година беа ангажирани 49 наставници групирани во четири стручни активи:

- Општо – образовен актив
- Природно-математички актив
- Хемиско – здравствен актив
- Технолошко - металуршки актив

Во стручната служба беше ангажиран педагогот на училиштето додека административната работа во училиштето ја врши едно постојано вработено лице секретар-благајник и еден книговодител.

Планирање и програмирање на наставата

Со цел успешна реализација на наставата во учебната 2025/2026 година на почетокот на учебната година беше изработена Годишна програма за работата на училиштето со која се планирани обемот и распоредот на активностите што произлегуваат од наставниот план и програмите како и развојниот план на училиштето. По распределувањето на часови по наставни предмети наставниот кадар изработи годишни и тематски планирања. Распоредот на часови за редовна, додатна и дополнителна настава и распоредот на дежурства на наставници беа изработени во втората половина на август и истите беа уредно објавени на огласна табла, со што се обезбедија основни услови за работа.

Реализацијата на наставните планови и програми се потпираа врз Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование, Развојниот план на училиштето за период од 2025-2029 година, Годишната програма за работа за учебната 2025/2026 год. бр. 02-465/5-1 од 25.08.2025 година и Календарот за организација на работата во јавните средни училишта во Р.С. Македонија, август 2025 год.

Посебно важна задача од областа на планирањето на нагледноста на часот е користење на нагледни средства како и примената на ИКТ и иновации за поквалитетна настава. За реализација на задачите максимално се користеа постоечките нагледни средства, а по одделни предмети самите ученици изработуваа соодветни нагледни средства: слики, шеми модели, оригами, презентации и др.

Наставниот кадар подготви годишни и тематски планирања за сопствениот наставен предмет. По завршената анализа се премина кон обезбедување на нагледни средства и обезбедување на потребни материјали, во зависност од потребите за соодветната струка. Се склучија договори со претпријатија за изведување на практична настава и учење преку работа кај работодавач во реални услови во зависност од струката. Извршени се систематски општи и стоматолошки прегледи за учениците, а за наставниците извршени се санитарни прегледи. Слободните ученички активности се реализираа според план и програма изготвени на почетокот на годината.

Преземени активности во текот на годината за подобрување на услови за работа:

- Спроведени хигиено-техничките активности за работа во училиштето: белење и генерално чистење;
- Набавени се потребни хемикалии, стакларија, извршена е поправка на апарати и ваги и сл. за непречено изведување на практичната настава и вежбите во лабараторија.
- Извршени се систематски прегледи на учениците од 1 и 4 година.
- Склучени се договори за изведување на практичната настава и учење преку работа кај работодавач со установите и компаниите каде таа се изведува во зависност од струката .
- Набавени се потребните средства за дезинфекција и одржување на училиштето.
- Извршени се систематски и санитарни прегледи за наставниците.
- Набавени се нови нагледни средства за успешна реализација на практичната и теоретската настава.

Струки и профили

Во учебната 2025/26 год наставата ја следеа 87 машки и 371 женски или вкупно 457 ученика распоредени во 22 паралелки во следните сектори:

СТРУКИ	БРОЈНА СОСТОЈБА		
	М	Ж	ВК
ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА	38	227	265
ЛИЧНИ УСЛУГИ	/	95	95
ХЕМИЈА И ТЕХНОЛОГИЈА			

ВКУПНО	49	49	98

Преглед на учениците при запишувањето во I година во учебната 2025/26 година

Ре, број	**Сектор**	**Време Траење на образова.**	**Успех од основното училиште**				**Повтор.**	**Вкуп.**
			Одлич.	Мн.доб	Добар	Дово.		
1	Хемија и технологија	Четиригодишно	/	5	11	/	1	17
2	Хемија и технологија	тригодишно	/	2	9	6	/	17
3	Лични услуги	Четиригодишно.	1	15	15	/	/	31
4	Здравство и социјална заштита	Четиригодишно	52	/	/	/	/	52
5	Здравство и социјална заштита	тригодишно	/	/	/	/	/	/
			53	22	35	6	1	116

Преглед на учениците и паралелките по струки на крајот од наставната 2025/2026година

Ре, Број	Струка	I– година				II- година				III- година				IV-год	
		со 3 год		со 4 год		со 3 год		со 4 год		со 3 год		со 4 год			
		пар	уче	пар	уче	пар	уче	пар	Уч	Пар	уче	Пар	уче	Пар	уче
1	Хемија и технологија	1	17	1	18	1	9	1	14	1	7	1	9	1	13
2	Здравство и социјална заштита	/	/	2	52	/	/	3	68	/	/	3	76	3	69
4	Лични услуги	/	/	1	27	/	/	1	22	/	/	1	26	1	20
	Вкупно	1	17	4	97	1	9	5	104	1	7	5	111	5	102

Наставен кадар Табела бр. 3

Наставен Јазик	Степенот на стручна оспособеност				
	Д-р.	М-р	VII-1	VI	IV
Македонски	/	3	40	3	3
Албански					
Вкупно		3	40	3	3

Преглед на стручен кадар

Профил	Степенот на стручна оспособеност				
	Д-р.	М-р	VII-1	VI	IV
Педагог			1		/
психолог	/	/	/	/	/
социолог	/	/	/	/	/
Секретар-благајник	/		1	/	/
Библиотекар	/	/	0,5	/	/
Вкупно	/	/	2,5	/	/

Раководен кадар

Функција	Завршено образование			Работен стаж	Раб. искус. на оваа раб. обврска
	Д-р	М-р	VII		
Директор	/	/	1	Години 18	6 години
Помош. директор	/	/	/	/	/

Други вработени

Технички персонал	**9**						
На определено време	1						

1. Настава - видови настава

Наставата во учебната 2025/2026 година за сите ученици се реализираше согласно модуларните наставни планови и програми за средно стручно образование. Во реализацијата на наставата покрај употребата на наставните планови и програми кои се потпираат врз Законот за средно образование се реализираше и годишната програма за работа на училиштето.

1.1.Реализација на воспитно-образовната работа во училиштето

Неделната ангажираност на наставниците е во рамките на неделниот фонд на задолжителна настава утврдена со закон. Врз основа на анализата на стручните активи, програмата и наставните содржини по сите предмети се реализирани во целост. Неделната ангажираност на наставниците е во рамките на неделниот фонд на задолжителна настава утврдена со наставниот план и се движи од 20-24 часа, вклучувајќи го и часот на раководител на паралелката.

Според планот за реализација на практичната настава се реализира во специјализирани кабинети во училиштето и во претпријатијата со кои училиштето има склучено меморандуми за соработка додека учење преку работа се реализираше кај работодавач во релни услови каде што учениците имаат можност во реални услови да работат и да се подготват за пазарот на трудот. Наставата за учење преку работа се реализираше во фирмите со кои покрај договорот со училиштето се склучија и договори за секој ученик посебно. За изведување на практичната настава и УПР по одделни струки склучени се договори со установите и компаниите каде таа се изведува: ЈЗУ Општа болница – Велес, Здравствен Дом- Велес, козметички салони низ градот, АГРИА-Велес, пекара ВИГ,пекара Палма, ЈКП Дервен, аптеки и други погони за производство. Наставата ги опфаќа сите посебни видови на заеднички активности на учениците и наставниците во совладување на воспитно-образовните содржини:

- Редовна -задолжителна	
-практична настава	-додатна настава
-професионална пракса	-Факултативна настава
-феријална пракса	-Изборна настава
-консултативна настава	- УПР
-дополнителна настава	

1.Редовната настава во ССОУ ,,Димитрија Чуповски" се реализираше според календарот за работа од Министерството за образование и наука на македонски јазик. Задолжителната настава е огранизирана по паралелки од прва до четврта година во рамките на постоечките струки:

- Хемиско-технолошка струка со четиригодишно и тригодишно траење;
- Здравствена струка со четиригодишно траење
- Лични услуги со четиригодишно траење

2) Практична настава и Учење преку работа во текот на учебната 2025/2026 година по струки:

Практичната настава се реализира во посебно опремени кабинети и лабаратории во училиштето. Дел од практичната настава се реализира во здравствените установи во градот во компании и институции во зависност од струката. Училиштето со овие институции и компании има склучено договори за реализација на практичната настава под раководство на стручниот кадар од нашето училиште. Учениците кои реализираат учење преку работа тоа го прават во соодветни установи и компании во општината со кои училиштето има потпишано меморандум за работа и за секој ученик има склучено посебен договор.

1. Хемиско-технолошката струка	Број на часови	Место на изведување
- техничар за заштита на животна средина	4+8+8 (УПР)	ЈКП –Дервен, АД Кожара „Димко Митрев“
- Хемиски лабораториски техничар	4+8 (УПР)	Лаборатории
- месопреработувач	16 (ПН)	Месна индустрија - Агриа
- пекар	6+14+16 (ПН)	Пекара „ВИГ“,Палма промет,Палма-Пепи,Пекара Ќоше,бурекџилница Цеце,Златни класја,пекара Ана ифурна Гемиџии
2. Здравствена струка		
- фармацевтски техничар	4+8+10 (УПР)	Лабораторија-училиште Приватни аптеки во градот
- медицинска сестра	4+6 (УПР)	ЈЗУ-Општа болница -Велес
- физиотерапевтски техничар	4+8+8 (УПР)	ЈЗУ-Општа болница -Велес
- гинеколошко-акушерска сестра	4+8+8 (УПР)	ЈЗУ-Општа болница -Велес
- медицински лабораториско-санитарен техничар	4+8+10 (УПР)	ЈЗУ-Општа болница -Велес Центар за јавно здравје
3. Лични услуги		
- Техничар за козметичка нега и убавина	4+6 (УПР)	Училишен козметички салон Козметички салони – Велес

3. Феријална пракса:

Феријалната пракса е задолжителна за учениците и е услов за запишување во наредната учебна година. Според наставниот план и програма се реализира во летниот период до 20 работни денови. За таа цел училиштето склучува меморандуми за соработка со претпријатија во кои се реализира овој вид на настава. Учениците кои се од други општини овој вид на пракса го реализираат во општините од кои што доаѓаат со претходно потпишан договор за соработка. Учениците кои од оправдани причини не можат да реализират феријална пракса во летниот период условно се запишуваат во наредната учебна година и феријалната пракса треба да ја реализираат на почетокот од учебната година.

4. Учење преку работа

Учењето преку работа (УПР) е процес на учење што се случува кога учениците вршат реална работа во реална работна средина. Оваа работа во процесот на учење води до генерирање реални стоки и услуги и може да биде платена или неплатена. Учењето преку работа претставува практична обука на работно место во компанија, занаетчиска работилница и други објекти, која им нуди на учениците стекнување работно искуство во реални услови. Тоа им овозможува знаењето и вештините што се стекнати во училиште да ги поврзат со светот на трудот и идните кариерни можности. Комбинацијата од работа на работно место и стекнувањето на општи и стручнотеоретските знаења во училиштата се задолжителен дел од стручното образование за стекнување образовни квалификации. Учењето преку работа им помага на учениците полесно и побрзо да се вклучат во работниот процес и да ги преземаат одговорностите кои произлегуваат од него.

5). Консултативна настава:

Ваков тип на настава се одржува со ученици кои од различни причини се запишале како вонредни ученици да изучуваат една од постоечките струки, а најголем интерес се пројавува во здравствената струка. Одговорните наставници (претежно предметите со вежби и практична настава) ги прифаќаат овие ученици и работат со нив според планови и програми од соодветниот образовен профил. Овој вид на настава се реализира и со учениците кои имаат слаб успех и се упатени на поправен испит.

6). Слободни часови на училиштето или наставни содржини во интерес на струката/ Содржини програмирани од училиштето (во тек на учебната година)

Овие часови се реализираат според препораките на Центарот за стручно образование и обука на Р.С. Македонија за сите струки и образовни профили. Учениците во рамките на програмите за слободни часови изработуваат проекти кои имаат за цел проширување и продлабочување на своите знаења, умеења и вештини од соодветна област и теми. Слободните часови се основа за подготовка на проектна задача од матурските испити. Слободните часови се реализираат во следниве области: Светско наследство во рацете на младите, Планирање на кариера, Подготовка за вработување и работа, Ученички компании-

Претприемачка практика за млади, Учење на работно место, а наставните содржини во интерес на струката се задолжителни и влегуваат во распоредот на училиштето.

7.Изборна настава се реализира со учениците по предмети во зависност од струката и потребата за полагање на државна матура и завршен испит. Изборот на предмети кои ги следат во текот на годината го прават учениците со потпис и изјава од родител.

8. Дополнителна и додатна настава

Дополнителната настава се организира во училиштето за сите образовни профили и струки согласно потребите на учениците. Оваа настава е наменета за ученици кои од различни причини заостануваат или имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, за учениците кои подолг период изостануваат од наставата по соодветен наставен предмет како и по барање на учениците и родителите. Додатна настава се реализира со учениците кои постигнуваат посебни резултати за определени научни и наставни дисциплини и напредуваат во рамките на задолжителната настава. Нејзина основна цел е да обезбеди систематска работа со надарени и талентирани ученици во текот на целата година, нивно креативно ангажирање, унапредување на способностите, потесна професионална ориентација, учество на натпревари итн. Изготвен е и распоред за дополнителна настава и објавен е на огласна табла на почетокот на учебната година.

Примена на наставните техники на учење и подучување

Во реализацијата на наставата наставниците употребуваа најразлични форми и методи. Наставата се реализираше интерактивно со што се овозможи активно вклучување на учениците во реализација на наставата и усвојувањето на знаењата. Учениците работеа индивидуално, групно и во парови изработуваа сопствени презентации кои потоа фронтално беа презентирани пред целата паралелка. Исто така се користеше и дебатата, демонстарација, илустрација, а беа употребувани и наставни средства од кои најчесто се аудитивно-визуелните средства, но и аудитивните во наставата по македонски и странски јазик.

5.Развоен план и приоритети од развојниот план за 2025/2026 година

Приоритетни цели	Развојни цели
1.Наставни планови и програми	**Цел 1. Зштита на менталното здравје** **Цел 2: Поттикнување на наставниците за подобра соработка во реализацијат на меѓупредметни цели.**
2. Постигнувања на учениците	**Цел 1: Опремување на училниците со ИКТ опрема.** **Цел: 2 Работа со ученици со ниски предзнаења од основно обрасзивание.**
3. Учење и настава	**Цел 1: Поголема ангажираност и активно вклучување на учениците во реализација на наставата.** **Цел 2: Воведување на нова образовна квалификација за привлекување на повеќе ученици.**
4. Поддршка на учениците	**Цел 1: Решавање на проблемот за пушење надвор од училишната зграда и означување на места за пушење.** **Цел 2: Активирање на наставниците и учениците од здравствената струка во организација на едукативни активности за унапредување на здравјето (здравствена заштита, развивање на здрави навики).**
5. Ресурси	Цел 1: **Подеднаква вклученост на целокупниот наставен кадар во работата на училиштето во сите свери.**

5.1 Задачи и активности

Поставени задачи и активности 2025/26 год.		
Приоритет 1. Наставни планови и програми		
Цел 1. Зштита на менталното здравје		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
1.Изработка на прогтрама за ментално здравје.	1.Формирање на тим за изработка на програма за заштита на менталното здравје на учениците. 2.Реализација на програмата за заштита на менталното здравје.	**Формиран тим и изработка на програма за ментално здравје. Во рамките на оваа програма беа планирани и реализирани повеќе активности и работилници: ,,Ментално здравје“ , Форум театар ,,Врсничко насилство препознавање и превенција“, работилница ,,Емоции“, ,,Управување со конфликти“, ,,Родова еднаквост и сексуално насилство“.**
Цел 2: Поттикнување на наставниците за подобра соработка во реализацијат на меѓупредметни цели.		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
1.Реализација на заеднички час кај сродни предмети.	1.Изработка план за меѓупредметна соработка на ниво на активи кој ќе вклучува конкретни теми,временска рамка,активности и одговорности. 2. Изработка на оперативен план за наставен час од наставниците. 3.Реализација на наставен час.	Реализирани се повеќе вакви часови помеѓу колегите кај предмети и теми кои се сродни. Наставниците имаа изработено оперативен план за тој час. Преку реализација на часот се внимаваше на интересите на ученице, формите и методите на работа како би дошло до успешно совладување на материјалот поврзувајќи ги двата предмета .

Приоритет 2.Постигнувања на учениците		
Цел 1: Опремување на училниците со ИКТ опрема.		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
1.Обнова на ИКТ опрема во училиштето	1.Формирање на тим за реализација на целта. 2.Проценка на потребите, анализа на постоечката опрема. 3.Истражување на можности за донации и грантови. 4.Набавка на потребната ИКТ опрема.	**На почетокот од учебната година наставниците на ниво на активи направија листи со потребните наставни средства и материјали за работа. Училиштето ги набави неопходните материјали за непречено одвивање на наставата, додека во текот на наставната година се обезбедуваа дополнителни материјали кои беа потребни за воннаставни активности на ученицитр како и за непречено одвивање на наставата. Направена е и проценка на постоечката опрема и потребите од нова ИКТ опрема која треба да се набави во престојниот период.**
Цел: 2 Работа со ученици со ниски предзнаења од основно обрасзивание.		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
1.Идентификација на учениците со ниски предзнаења. 2.Надополнување на пропуштеното знаење кај учениците со ниски предзнаења.	1.Проверка на предзнаењето на учениците преку повторување на основни поими на почетокот на наставата. 2.Реализација на воннаставни часови со овие ученици.	**На почетокот на учебната година наставниците по соодветните наставни предмети ги препознаа и идентификуваа учениците кои имаат нниски предзнаења и кои потешко би го совладувале наставниот материјал. Во текона на целата учебна година се работеше со овие ученици преку дополнителна настава, помош при совладување на материјалот, дообјаснување како и пролагодување на материјалот за овие ученици.**

Приоритет 3.Учење и настава		
Цел 1: Поголема ангажираност и активно вклучување на учениците во реализација на наставата.		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
1.Примена на различни методи и техники за активирање на учениците за нивна поголема ангажираност за време на наставата.	1.Употреба на современи методи и средства за реализација на час со примена на ИКТ. 2.Посета на часови помеѓу наставниците со цел размена на искуства.	**Реализирани се интеракривни часови и часови со употреба на ИКТ во наставата со активно учество на учениците во процесот на усвојување на нови знаења.** **Преку вклучување во процесот на учење и примена на стекнатотот знаење во специјализирани кабинети учениците усвојуваа трајни знаење кои успешно ќе можат да ги применат во иднина.**
Цел 2: Воведување на нова образовна квалификација за привлекување на повеќе ученици.		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
1.Избор на нова образовна квалификација.	1.Прибирање на предлози од страна на активите. 2.Донесувае на одлука за барање за воведување на нова образовна квалификација.	**Оваа задача е поместена за почетокот на учебната 2026-2027 година и секој актив доби задача да направи истражување на пазарот на трудот и предложи нов образовен профил .**
Приоритет 4.Поддршка на учениците		
Цел 1: Решавање на проблемот за пушење надвор од училишната зграда и означување на места за пушење.		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
1.Донесување на правилник за пушење надвор од училишната зграда и означување на места за пушење.	1.Формирање на тим за изработка на правилникот 2.Изработка на правилникот. 3.Разгледување и донесување на правилникот на Наставнички совет. 4.Имплементација на правилникот.	**Формиран тим за изработка на правилник.** **Изработен е правилник и истиот е усвоен на Наставнички Совет и УО.** **Со овој правилник утврдени се и местата на кои ќе биде дозволено да се пуши. Истите ќе бидат и обележани на почетокот на учебната 2026-2027 година**

Цел 2: **Активирање на наставниците и учениците од здравствената струка во организација на едукативни активности за унапредување на здравјето (здравствена заштита, развивање на здрави навики).**		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
1.Реализација на активности за унапредување на здравјето.	1.Формирање на тим за унапредување на здравјето. 2.Изработка на програма за унапредување на здравјето. 3.Реализација на програмата.	**Формиран е тим на почетокот од учебната година и изработена е програма за унапредување на здравјето. Во рамните на оваа програма планирани се и реализирани повеќе активности во и надвор од училиштето: Одбележување на светскот ден на дијабетисот на кој предавач беше д-р Елена Шуркова специјалист по педијатрија посветена на дијабетесот кај децата, Учество на членовите на ООЦК – Велес во зачувување на општото здравје кај населението преку бесплатни лекарски прегледи во соработка со ЈЗУ Општа болница Велес, одбележување на светскиот ден на здравјето на тема ,,Здравјето почнува од природата – што внесуваме тоа стануваме“, предавање на тема ,,Информирај се денес заштити се утре“ со кое се одбележа месецот на хепатални заболувања, одбележување на месецот посветен на карцином на дојка преку едукативно предавање.**
Приоритет 5. Ресурси		
Цел 1: **Подеднаква вклученост на целокупниот наставен кадар во работата на училиштето во сите свери.**		
ЗАДАЧА	**АКТИВНОСТИ**	**РЕАЛИЗАЦИЈА**
1.Подеднаква застапеност на сите наставници при формирање на тимови во училиштето.	1.Изготвување на листа со тимови за реализација на активности во училиштето со која ќе бидат опфатени сите наставници.	**Сите наставници се активно вклучени во работата на училиштето прку тимови, учество во проекти реализација на воннаставни активности и слично.**

ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО ПРЕДМЕТИ ЗА ПРВА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2025-2026

	НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ	ПЛАНИРАНИ	РЕАЛИЗИРАНИ	%
1	Македонски јазик и литература	540	532	99
2	Англиски јазик	360	361	100
3	Информатика	360	345	96
4	Историја	360	353	98
5	Спорт и спортски активности	360	36	100
6	Музичка култура	180	186	100
7	Ликовна уметност	180	189	100
8	Биологија	360	360	100
9	Хемија	288	287	100
10	Физика	216	220	100
11	Математика	216	212	98
12	Латински јазик	144	148	100
13	Козметика	108	106	98
14	Суровини на производство и амбалажа	108	107	99
15	Систем на здравствена заштита	72	72	100
16	Материјали во козметиката	72	72	100
17	Технологија на пекарски произ.	72	69	96
18	Анатомија и физиологија	360	366	100
19	Граѓанско образоване	28	288	100

20	Практична настава	216	228	100
21	Производствено тех.образование	36	36	100
22	Лични услуги и други сектори	144	144	100
23	Основи на прехранбена технологија	72	73	100
24	Хемија	216	219	100

ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО ПРЕДМЕТИ ЗА ВТОРА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2025-2026

	НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ	ПЛАНИРАНИ	РЕАЛИЗИРАНИ	%
1	Македонски јазик и литература	648	648	100
2	Англиски јазик	432	441	100
3	Фармакологија	72	71	99
4	Историја	432	429	99
5	Информатика	72	68	94
6	Математика	468	458	98
7	Физика	360	358	100
8	Хемија	288	293	100
9	Спорт и спортски активности	432	426	99
10	Биологија	288	283	99
11	Аналитичка хемија	288	274	96

12	Учење преку работа кај работодавач	288	284	99
13	Фармацевтска технологија	144	138	96
14	Фармакогнозија	72	69	96
15	Патологија	216	217	100
16	Основи на здравствена нега	504	494	98
17	Операции и процеси	34	35	100
18	Микробиологија со епидемиологија	68	68	100
19	Естетика	72	72	100
20	Третман во нега на раце и нозе	144	149	100
21	Практична настава	504	525	100
22	Управување на примероци и евидентирање на резултати	72	70	97
23	Козметологија	72	72	100
24	Дезинфекција, дезинсекција и дератизација	72	77	100
25	Шминкање	108	113	100
26	Основи на нега	180	177	98
27	Физичка хемија	144	149	100
28	Исхрана и диететика	36	38	100
29	Технологија на пекарски производи	108	108	100
30	Иновации и претприемништво	72	72	100
31	Аптекарско работење	72	75	100
32	Фармакологија			
33	Вовед во лабараториско работење	72	76	100
34	Физикална терапија	144	138	96

35	Процесна техника	72	71	100
36	Микробилогија	144	154	100
37	Масажа	108	104	96
38	Микробиологија на храна	108	104	96

ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО ПРЕДМЕТИ ЗА ТРЕТА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2025-2026

	НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ	ПЛАНИРАНИ	РЕАЛИЗИРАНИ	%
1	Македонски јазик	638	637	99%
2	Англиски јазик	426	424	99%
3	Спорт и спортски активности	426	434	100%
4	Здравствена психологија	216	199	92%
5	Медицинска биохемија	144	135	94%
6	Фармацевтска хемија	144	144	100%
7	Фармацевтска технологија	144	147	100%
8	Фармакогнозија	144	136	94%
9	Учење преку работа кај работодавач – фарм.тех	288	288	100%
10	Биологија-изборен	216	68	96%
11	Математика-изборен	210	209	99%
12	Микробиологија	144	143	99%
13	Хигиена и технологија на вода,воздух и почва	144	139	96%
14	Клиничка хемија	144	146	100%

15	Учење преку работа кај работодавач – мед.лаб.тех	288	288	100%
16	Фармакологија	72	72	100%
17	Хируршки бол.со нега	144	154	100%
18	Инфективни бол.со нега	144	148	100%
19	Интерни бол.со нега	180	184	100%
20	Учење преку работа кај работодавач	144	144	100%
21	клиничка медицина	72	69	98%
22	рехабилитација	144	128	90%
23	кинезитерапија	180	128	90%
24	физикална тер.	144	128	90%
25	физика -изборен	144	136	94%
26	УПР физиотер.	144	149	100%
27	хируршки болести	144	136	98%
28	невропсихијатрија	72	69	96%
29	интерни болести	144	136	96%
30	вовед во акушерство	72	67	94%
31	гинекологија	108	103	95%
32	УПР ГАК	144	152	100%
33	Физика	72	68	94%
34	Козметологија	108	108	100%
35	Анатомија и физиологија	72	69	96%

36	**Дерматологија**	**72**	**67**	**93%**
37	**Третмани во нега на лице и тело**	**216**	**222**	**100%**
38	**Учење преку работа кај работодавач козмет.**	**144**	**152**	**100%**
39	**Математика**	**72**	**71**	**99%**
40	**Микробиологија**	**108**	**98**	**91%**

ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ЧАСОВИ ПО ПРЕДМЕТИ ЗА ЧЕТВРТА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2025-2026

	НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ	ПЛАНИРАНИ	РЕАЛИЗИРАНИ	%
1	Македонски јазик и литература	**495**	**499**	**100**
2	Англиски јазик	**330**	**332**	**100**
3	Спорт и спортски активности	**330**	**323**	**100**
4	Кинезитерапија	**132**	**123**	**100**
5	Управување со одпад	**132**	**132**	**100**
6	Фармакологија	**66**	**63**	**95**
7	Фармакогнозија	**132**	**132**	**100**
8	Фармацевтска хемија	**132**	**132**	**100**
9	Третмани во нега на лице и тело	**330**	**314**	**95**
10	Биологија –изборен			
11	Рехабилитација	**165**	**165**	**100**
12	Математика-изборен	**132**	**131**	**99**
13	Невропсихијатрија со нега	**165**	**159**	**96**
14	Испитување на вода, почва и воздух	**132**	**127**	**96**
15	Храна и исхрана	**66**	**66**	**100**

16	Медицина на трудот	**108**	**97**	**89**
17	Физика-изборен	**66**	**66**	**100**
18	Климатски промени	**33**	**32**	**97**
19	Педијатрија и неонатологија со нега	**132**	**132**	**100**
20	Математика	**66**	**64**	**96**
21	Физикална терапија	**132**	**132**	**100**
22	Козметологија	**99**	**99**	**100**
23	Паразитологија	**132**	**132**	**100**
24	Акушерство со нега	**132**	**132**	**100**
25	Обновливи извори на енергија	**132**	**133**	**100**
26	Бизнис и претприемништво-изборен	**198**	**192**	**96**
27	Учење преку работа			
28	Клиничка медицина	**66**	**66**	**100**
29	Клиничка хемија	**132**	**135**	**100**
30	Гиникологија со нега	**165**	**165**	**100**
31	Педијатрија со нега	**165**	**159**	**96**
32	Гинекологија и акушерство со нега	**165**	**158**	**95**
33	Хематологија со трансфузиологија	**132**	**132**	**100**
34	Инфектологија со нега	**66**	**66**	**100**
35	УПР	**1122**	**1122**	**100**
38	Фармацевтска технологија	**132**	**132**	**100**

Преглед на освоени места на натпревари во учебната 2025/2026 година

ОБЛАСТ	УЧЕНИК	МЕНТОР	ОПШТИНСКИ	РЕГИОНАЛЕН	ДРЖАВЕН	МЕЃУНАРОДЕН
Хемија	Филип Камчев	Валентина Јовева			2 место	
Хемија	Миа Несторова				2 место	
Хемија	Коциќ Лука		2место			
Хемија	Самарџиев Давид		2 место			
Хемија	Коциќ Лука			3 место		
Хемија	Богдановски Слободан				1 место	
Хемија	Силвана Карагошева				2 место	
Хемија	Марија Цветковска				2 место	
Хемија	Елена Коларова				2 место	
Хемија	Ангела Маџарова				3 место	

Масум – најдобар штанд	Марија Коцева Ивона Циунова	Билјана Гајдова Николова			2 место	
Македонски јазик и литература	Силвана Карагошева	Елеонора Игновска				III награда
Македонски јазик и литература	Теа Самарџиева Никола Спасев	Љубинка Ртоска		3 место 2 место	2 место 3 место	
Рецитаторство	Силмие Амзова				2 место	
Интервју за работа на мкд МАССУМ	Теа Самарџиева				1 место	
Третмани во нега на лице и тело	Суаде Зејнелова	Емилија Петровска		3		
Биологија за III година	Никола Спасев Теа Самарџиева Ивана Михајловска Марија Пановска Бојана Миланова	Руска Мицева	2 место 2 место 2 место 3 место 3 место	1 место 1 место 1 место 1 место 1 место	2 место 3 место	
Народна техника – област Ботаника	Лука Коциќ				3 место	
Биологија за I година	Давид Велков Симона Атанасовска Леонтина Станковска Меланија Страхилова Лука Коциќ Давид Самарџиев Силвана Карагошева Изабела Димков Мила Најдовска		3 место 3 место 3 место 3 место 1 место 3 место 2 место 3 место	3 место 2 место 2 место 3 место 1 место 2 место 1 место 3 место 3 место	3 место 3 место 1 место	

	Мила Коцевска		3 место	2 место		
Македонски јазик и литература	Анабела Давевска	Верица Николова	1 место			
Македонски јазик и литература	Андреј Петровски	Верица Николова	2 место			
Македонски јазик и литература	Алдијана Кицара 2-2 клас	Верица Николова	2- место			
Латиски јазик	Лука Коциќ Мула Коцевска Давид Самарџиев	Дијана Даскалова	1 место 2 место 3 место	1 место 2 место /	2 место 2 место /	

Преглед на општиот успех на учениците на крајот на наставната 2025-2026 година

Год. Обра.	Вк. запи шан	Ж	Постигнат успех				Вкупно	Со недоволен успех			Не оценети	повтор увачи	Ср. успех
			Одлични	Мн.добри	Добри	Доволни	Без сл	Со-1	Со-2	Со-3			
1-год со 4-год.об	97	81	46	15	11	5	77	8	5	7	/	7	3,69
1-год со 3-год.об	17	7	2	2	3	1	8	3	1	5	/	5	2,74
2-год со 4-год.об	104	92	48	30	22	1	101	3	/	/	/	/	4,02
2-год 3годишно	9	3	/	/	3	2	5	2	2	/	/	/	2,53
3-год со 4-год.об	121	98	72	23	23	/	118	3	/	/	/	/	4,25
3-год со 3-год.об	7	/	/	1	2	/	3	4	/	/	/	/	2,4
4год	102	89	68	22	11	/	101	1	/	/	/	/	4,36
Вкупно	457	370	236	93	75	9	413	24	8	12	/	12	3,42

Преглед на успехот на учениците на крајот на учебната 2025/2026 година

Год. Обра.	Вк. запишан	Ж	Постигнат успех				Вкупно	Со недоволен успех			Не оценети	повтор увачи	Ср. успех
			Одлични	Мн.добри	Добри	Доволни	Без сл	Со-1	Со-2	Со-3			
1-год со 4-год.об	97	81	46	15	19	10	90	0	0	7	/	7	3,75
1-год со 3-год.об	17	7	2	2	5	3	12	/	/	5	/	5	2,78
2-год со 4-год.об	104	92	48	30	23	3	104	/	/	/	/	/	4,02
2-год 3годишно	9	3	/	/	4	4	8	1	/	/	/	1	2,58
3-год со 4-год.об	121	98	72	23	25	1	121	/	/	/	/	/	4,66
3-год со 3-год.об	7	/	/	1	3	3	7	/	/	/	/	/	2,81
4год	102	89	68	22	12	/	102	/	/	/	/	/	4,36
Вкупно	439	281	236	93	91	24	444	1	/	/	/	13	3.56

Преглед на изостаноците и поведението на учениците во учебната 2025/2026 година

Степен и год. на образование	ИЗОСТАНОЦИ				ПОВЕДЕНИЕ			
	Оправд	Неоп	Вкупно	Просек	примерно	добро	недоволно	вкупно
I. год со 4.год.обр.	3266	255	3521	36.2	**84**	**12**	**1**	**97**
I.год со 3.год,обр.	1317	151	1468	86.3	**11**	**2**	**4**	**17**
II. год со 4.год.обр.	4809	233	5042	48.4	**104**	**0**	**0**	**104**
II. год со 3.год.обр.	573	9	582	74.6	**5**	**2**	**2**	**9**
III. год со 4.год.обр.	3097	354	3451	28.5	**116**	**4**	**1**	**121**
III. год со 3.год.обр.	743	113	856	122	**2**	**2**	**3**	**7**
IV- година	2034	228	2262	100	100	2.	0	**102**
вкупно	15839	1343	17182	37.5	422	24	11	**457**

СПОРЕДБЕНИ РЕЗУЛТАТИ НА УСПЕХОТ ПО ГОДИНИ ПО ГОДИНИ

Учебна година	Постигнат успех				Вкупно	Ученици кои ја повторуваат годината			Неоцен.	Среден успех
	Одлични	Мн.добри	Добри	Доволни	Без сл	М	Ж	Вк.		
2023-24	**241**	**115**	**108**	**11**	**475**	**7**	**1**	**8**	**1**	***3,56***
2024-25	232	111	97	26	466	0	0	14	0	***3.49***
2025-26	236	93	91	24	444	**8**	**5**	**13**	**0**	***3.56***

Споредбени резултати на редовноста и поведението по години

Година на образование	ИЗОСТАНОЦИ				ПОВЕДЕНИЕ			
	Оправд	**Неоп**	**Вкупно**	**Просек**	**примерно**	**добро**	**недоволно**	**вкупно**
2023 - 2024	15708	1625	17333	35	435	42	7	**484**
2024 - 2025	20187	1575	21762	45.3	429	43	8	**480**
2025 - 2026	15839	1343	17182	37.5	422	24	11	**457**

Дополнителна и додатна настава

За учениците кои имаа потешкотии во совладување на дел од наставните содржини по некои предмети, во текот на овој период одржани се вкупно 715 часа дополнителна и 591 часа додатна настава. Дополнителната и додатната настава се реализираше согласно распоредот и планирањата на наставниците направени на почетокот на учебната година.

1.8 Учество на организирани манифестации

- Учество на Џавен рецитаторски натпревар во поезија ,,Поезијата е свртена кон човекот се создава за него и ги дели неговите соништа“

- И оваа година нашето училиште беше дел од националната акција ,,Генералка Викенд 2026“. Еден дел од учениците направија акција за чистење во училишниот двор, а другите беа дел од еко часот ,, Определување на јаглероден отпечаток“,каде се запознаваа со значењето, важноста и мерките за намалување на јеглеродниот отпечаток.На крајот секој ученик напиша која промена би ја направил тој самиот,променувајќи некои свој навики или активности, со цел намалување на загадувањето и зачувување на животната средина.

- На 30 април, наши ученици од прва година учествуваа на настанот ,,Зелен активизам – морална одговорност или тренд?“, во организација на иницијативата ,,Зелени борци“ кој се одржа во Европската куќа во Велес.

- Нашето училиште и оваа година учествуваше на Општинскиот натпревар по прва помош во организација на Црвенот Крст – Велес. Нашата екипа освои прво место на Општинскиот натпревар со шти се пласирашњ на регионалниот натпревар по прва помош.

- Учество на Велигденскиот базар во организација на Општина Велес. За оваа цел ученици од нашето училиштре изготвија велигденски декорации какои колачи и пекарски производи.

- ,,Симулација на Совет на Општина Велес“ нашите ученици активно учествуваа во процесот на донесување на одлуки и видење дискусии поактуелни теми од локално значење.Преку улогата на советници, тие имаат можност да предложат иницијативи, да

аргументирааат ставови и да дебатираат за прашања кои ја засегаат заедницата.Оваа активност допринесе за развивање на критичко размислување, тимска работа и комуникациски вештини кај учениците. Тие покажаа одговорност зрелост и подготвеност активно да се вклучат во демократските процеси.

- Наставници и ученици од нашето училиште повторно учествуваа во Осмомстровскиот марш во организација на Општина Велес со што дадоа свој допринос во поддршка на жената и сето она што таа денес значи.

- Во организација на CEED Makedonija за учениците од прва до четврта година беше успешно реализирана обука за стекнување на вештини за избор на идеи и подготовка на издржани и успешни проекти. Социјанлно претприемништво – можност и чекори за успешен бизнис модел.

- Мотивирачка посета на ,, Митска приказна“. Група ученици ја посетија археолошката изложба на камен споменици ,,Memento vivere “ поставена во Ликовниот салон. На изложбата беа презентирани автентични камени споменици кои ја раскажуваат приказната за живото, сеќавањето и трајните вредности врежани во камен оставајќи силна порака за минчивоста и континуитетот на човечкото постоење.

- Министерствити за внатрешни работи заедно со Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија сприведе превентибжвна кампања ,,Создавај спомени без повреди – Кажи не на пиротехничките средства“. Во рамките на оваа кампања се реализираше предавање за учениците од прва година преку едукативна презентација за опасностите и последиците од употребата на пиротехника со што ги поттикна учениците на одговорно и совесно однесување за сопстевната и туѓата безбедност.

- Нашето училиште учествуваше на овогодинешната Смотра на истражувачки трудови на ученици од средните училишта. Нашите ученици заедно со своите ментори ги презентираа своите трудови и освоија трета награда.

- ,, Ноември – Месец на наука“ Тимот од ученици и нивните ментори уште еднаш го потврдија својот талент и посветеност. Ученичката Мија Несторова под менторство на Валентина Јовева ја освои втората награда за нејзиниот експеримент ,,Кинетика на хемиска реакција“ додека учениците Елена коларова и Андреј Петровски под менторство на Селма Амедоска освоија трета

награда за нивниот проект ,,Кога ДНК станува технологоја“. Трето место освоија учениците Леа Павлова и Ева Анѓеловска за истражувачкиот проект ,,Спаси го езерото“ и Костадин Клемов за проектот ,,Диполна Антена и електромагнетни бранови“ .

- По повод светскиот ден на дијабетесот нашето училиште беше организатор на предвање за дијабетесот кај децата наменет за родители,наставници и ученици од општина Велес. Гостин и предавач на настанот беше проф.д-р Елена Шуркова Ангеловска – специјалист по педијатрија, посветена на дијабетесот кај децата. На настанот се разговарае за раните знаци, превенцијата и здравите навики, а на лице место наши ученици мереа шеќер во крвта на посетителите на настанот.

- Не ден 26.10.2025 година две наши ученички од образовниот профил Техничар за козметичка нега и убавина беа дел од настанот посветен на женското здравје и самогрижа ,,Менопауза без маска“. Настанот опфасти предавање од гиниколок, психолог и нутриционис.

-Реализирана обука за Кариерно советување како дел од проектот Зајакнување на младите градење вештини ,креирање иднина, кој е имплементиран од страна на Занаетчиската комора Скопје, АМПЕРСАНД, АСМЕ и здружението ДИЈАГРАМ.

Целта на оваа обука беше младите да размислуваат за самостојно градење на кариерата со отварање на сопствен бизнис.

- Едукативниот центар на Пивара Скопје одржа обука на тема ,,Вештини за успех“ за учениците од трета и четврта година.Учениците на оваа обука се здонија со сертификати и одредени вештини преку размислување во поглед на вештините за живот и вештините за водење бизнис.

- Членовите на училишниот клуб на млади на Црвен крст зедоа учество во голем број активности организирани од ООЦК Велес. Тие активно се вклучија во:

- Велешки пливачки маратон одржан во месец Септември
- Донирање на комплети училишен прибор
- успешната реализација на петте проекти во рамките на програмата Црвен крст во акција – промоција на хумани вредности и ескурзија за членовите во проектот

- предавање за учениците од прва и втора година за ментално здравје каде наши ученици, членови на Училишниот Клуб на Црвен Крст и врснички едукатори во Црвен Крст го водеа предавањето.
- мотивациона работилница за крводарителство
- крводарителска акција по повод нашиот патрон празник одржана во месец Ноември
- евакуациона вежба во нашето училиште
- одбележување на Светски ден на волонтерството
- работилница во дневниот центар како дел од проектот: „Подобрување на социјализацијата на лица и млади со посебни потреби“ одржана во месец Декември
- симулациона вежба за повреди од пиротехнички средства
- обука во рамките на програмата ,,Црвен Крст во акција промоција на хумани вредности,, која се спроведува во неколку целини. Првата се одржа во нашето училиште
- врсничка едукација за борба против трговија со луѓе одржана во месец Март
- активно учество на членовите на училишниот клуб во активности на ООЦК Велес за придонес во зачувување на општото здравје кај населението преку одржување бесплатни лекарски прегледи за крвен притисок и шекер во крвта за лица од трето доба во месец Април
- едукативна обука на членови од Клуб на млади за аутизмот
- велигденска работилница во дневниот центар
- едукативни предавања во рамките на пилот програмата ЗЕЛЕН ВОЛОНТЕРИЗАМ, под мотото "ПОЗЕЛЕНО ДЕНЕС,ЗА ПОДОБРО УТРЕ" одржани во месец Април
- учество на општинскиот натпревар по прва помош,каде нашата екипа го освои ПРВОТО МЕСТО
- промоција на брошурата „Приказна за една идеја“, изработена на Брајово писмо
- учество на крводарителската акција со Мото клубот Носачи на крстот одржана во месец Мај
- одбележување на 8 Мај Светски ден на Црвен крст и црвената полумесечина
- Регионален натпревар по прва помош одржан во месец Мај, каде нашата екипа која го преставуваше ООЦК Велес

- Атлетска трка ,, Трчаме за Рацин,,

-Учество на учениците од трета година во традиционалната атлетска трка во организација на Општина Велес ,,Трчаме за Рацин“

-Учество на ученици од нашето училиште на Форум театар: Психолошко насилство – препознавање и превенција кај младите и кратка дебата за истото во организација на Камцеларија на Обединетите нации, Делегација на Европската Унија и Европска куќа – Велес.

- На 12.05.2026 година земавме учество во акцијата за пошумување ,,Растеме заедно и засадуваме 2500 садници“- организирано од Европск куќа Велес.

-Одбележување на светскиот ден на здравјето – 7 ми април ,,Здравјето почнува од природата – што внесуваме, тоа стануваме“

1.13 Воннаставни активност

- Работилница на тема ,,Емоции“ организирана од средношколската заедница и службата во училиштето која што беше тесно поврзана со менталното здравје, улогата и влијанието на емоциите врз менталното здравје на учениците. Се започна со тоа што се емоции, како да ги препознаеме и како соодветно да реаграме на нив. Потоа преку студија на случај се увиде дека секој од нас реагира различно со различен интензитет и на различни начини, што е потсетник колчу е важно разбирањето и емпатијата.

- Организирана работилница за учениците од страна на студенти на Институтот за специјална едукација и рехабилитација при Филозофскиот факултет на УКИМ, за значењето на на Брајовото писмо ос страна на слепите лица.

- По повод денови на хемијата 2026, во нашето училиште се организираше Kahoot квиз натпревар по хемија за девттооделенците од основните училишта во Велес и околината. Квизот беше одржан преку дигитална алатка, при што учениците ги користе своите мобилни телефони со скенирање на QR кодот преку кој влегуваа во играта и одговараа на поставените прашања.

- Работилница за изработка на декорации, колчи и шарени јајца кои беа продавани на велигденскиот базар во организација на Општина Велес. Во изработката учествуваа ученици од средношколската заедница како и ученици од квалификацијата пекар со изработка на колчи и производи од тесто.Собраните средства се наменија за хуманитарни цели.

- Одбележување на светскиот ден на здравјето 7-април. Во соработка со ЈЗУ Општа болница Велес, наставници и ученици од нашето училиште се организираше акција за бесплатни прегледи за наши сограѓани преку мерење на шеќер во крвта и крвен притисок.

- Пекарски двобој. Уште еден креативен и вкусен предизвик каде силите ги одмерија креативните ученици од втора година под ментпрство на проф.Сандра Стојчиќ и учениците од трета година под менторство на проф. Емилија Дикова. Комисија на овој предизвик беа деветоодделенците од ООУ,,Панко Брашнаров“.

-Организирана посета од страна на ппоф.по ликовна уметност Јасна Манчевска Мијакова на излошбата на вајарот Ангел Коруновски. Делата отвараа прашања за човекот во современиот свет каде индивидуалноста често останува незабележана.Со оваа посета на учениците им беше овозможено да ја согледаат разликата помеѓу сликата и склуптурата.

- Учениците од средношколската заедница заедно со службата во училиштето набавијса 40 цветови кали и испишаа инспиративни пораки за денот на жената кои им беа подарени на случајни минувачи од понежниот пол во знак на одбележување на денот на жената 8ми Март.

- На 30.03.2026 година се одржа работилница за кариерно советување со дел од учениците од четврта година.Целта на оваа работилница беше учениците подобро да се запознаат со професијата лекар, како и со можниостите, одговорностите и предизвиците што ги носи оваа професија. Како гостин предавач беше поканета Прф.д-р Валентина Ристеска Нејашмиќ, која на учениците им ги презентираше своите професионални искуства и секојдневни работни обврски, особено внимание посвети на значењето од континуирани едукации, посветеност и хуманост во извршувањето на оваа професија.

- Едукативна посета на веледрогеријата Еурофарм за учениците од паралелката Фармацевтски техничар втора година.

- Организиран натпревар во шминкање помеѓу учениците трета и четврта година од струката Техничар за козџметичка нега и убавина.

- За дениот на вљубените во училиштето сре организираше активност со цел поттикнување на другарството и почитување помеѓу учениците. Учениците учествуваа во пдготовка на колачи украсени во духот на празникот.

-Работилница ,,Управување со конфликти“, замислена иреализирана како простор за учење, дијалог и продлабочени разбирање на меѓучовечките односи. Преку планирани активности и структурирана дискусија учениците имаа можност да ги препознаат корените на конфликтот, го согледаат од различни перспективи и да развијат вештина за мирано и конструктивноразрешување на несогласувањата.

- Нашето училиште ксако најстаро хемиско училиште беше домаќин, организатор но и победник во екипниот државен натпревар во секторот Хемија и технологија. Овој државен натпревар е на Здружението на наставници хемичари и технолози од училиштата со хемиско-технолошка струка ,,ДИЈАГРАМ“. Нашите ученици освоија едно прво и две втори места.

- Работилница на дел од тимот за кариерно советување од нашето училиште чија цел беше комуникацијата , лидерството и тимската работа, како и самопроценка на интересите на учениците и стекнување на вештини, кои се неопходни за поуспешно професионално однесување.

- На ден 14.11.2025 година во училиштето се одржа вежба за евакуација на учениците и вработените од училиштето.Целта на вежбата беше проверка на способностите за брза и организирана евакуација на учениците и персоналот, тестирање на алармниот ситем, евакуациските патеки и обуката на наставниот кадар. Оваа вежба се одржа со корфинација на Територијалната противпожарна единица Велес и Црвениот крст Велес.

- Учениците од струката -Техничар за заштита на животна средина во склоп на практичната настава по предметот Испитување на почва, вода и воздух заедно со професорот Билјана Штипјанова го подетија Еколошкото друштво ,,Вила зора а“ од Велес. На средбата се дискутираше за надминување на проблемитре кои се поврзани со загадување на пиочва, вода и воздух кои во иднина

ќе може да се регистрираат преку соодветна апликација. Учениците ја скенираа апликацијата и се запознаа со начинот на кој би можеле да ја користат.

- Денота на наставниците - 5ти октомври ,се одбележа со голема благодарност и почит кон оние кои го посветуваат својот живот на образованието. Учениците им упатија пораки на благодарност и признание за нивниот труд, трпение и посветеност.

- Одбележување на денот на кафето. Целта на ова активност беше да се поттикне креативноста и тимската работа научениците преку практична активност. На овој начин се прикажа дек кафетон е само пијалок, туку и природна суровина во областа на козметиката.

- Работилница за сукање наменета за учениците од образовниот профил пекар. Престљавници од Здружението на пензионери со многу љубов и трпение им ја пренесоа својата умешност и долгогодишно искуство.Учениците се обидоа сами да ја совладаат техниката, а атмосферата беше исполнета со смеа, прашања и желба за учење.

- Одбележување на денот на фармацевтите како и 25 години од постоењето на профилот фармацевтски техничар во нашето училиште. За оваа цел пред учениците од прва и втора година се одржа предавање на тема ,,Улогата на фармацевтот во општеството“. Учениците се запознаа со улогата, одговорноста и задачите на фармацевтот во нашето општество.

- По повод 25 Септември – Меѓународниот ден на мирот во нашето училиште во рамките на програмата за мировно образование се спроведоа неколку активности. Учениците заедно со девттоодделенците од ООУ,,Блаже Конески“ Велес пишуваа пораки за мир, цртаа сомболи на мирот, спортуваа, се дружеа. Во исто време се одржа и работлница на тема ,,Добрата комуникација – чекор поблиску до меѓусебно разбирање“.

- Работилница за учениците од прва и втпра година во организација на средношколската заедница ,,Правата на детет, родова еднаквост и сексуално насилство“

- Нашето училиште и оваа година во рамките на ЕКО активностите во склоп на патрониот празник организираше модна ревија под наслов ,,Зелена мода“ за учениците од одновните училишта и учениците од нашето училиште. Сите модели беа направени од рециклиран материјал.

- Предавање на тема ,,Информирај се денес заштити се утре“ со која се одбележа месецот на хепатални заболувања во организација на средношколската заедница.

- Одбележување на месецот за борба притив карционом на дојка каде што наставниците од секторот здравство и социјална заштита одржаа едукативно предавање за учениците.

1.14. Учество во Проекти и организирани активности во тековната година

- Еразмус проект КА 210 мобилност во Мезотур Унгарија. Во периодот од 20-24 април се спровде втората мобилност натимот од наставници како дел од проектот. Во рамките на активностите можше да се посетат училиштето во Мезотур, тренинг центаерот заобука на здравствени работници во Сцолног, како и историскиот медицински музеј и Болницата во карпа во Будимпешта. Преку посетата се стави акцент на развојот на медицината, како и улогата на здравствените работници.

- На 08.04.2026 година се одржа првата тренинг обука за проектот,, XYZ Green Gen Transformes: Млади за зелени општини“. Проектот е финансиран од Европската унија преку проектот ,,Зелена младина зелен раст – Акција за зелена трансформација“.Овој проект има за цел мобилизирање на младите како клучни носители на локалните зелени трансформативни практики, преку системски развој на нивните знаења, вештини и иновативни алатки за одржлив развој на заедницата. Исто така проектот има намера да ги поврзе традиционалните мудрости и искуства на повозрасните генерации со современите еколошки и зелени практики, создавајќи модели за зекени општини усогласени со Зелениот договор на Европската Унија и Агендата за Зелен Балкан.

- Во рамките на проектот ,,Иновативни млади слаткари и пекари – мајстори за специјална храна“во нашето училиште се организираше регионален натпревар на кој нашите ученици покажаа одличен успех и освоија две први и едни второ место.

- Проект ,,Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Македонија“, финансиран од Европската Унија, а спроведуван од People in Need North Macedonia во партнерство со ARNO,LEAD – Leaders for Edukation, Activism and Development и Ekovita од Неготино. Во рамките на овој проект во нашето училиште се реализираше едукативна работилница за одгледување на печурки од видот буковки. Учениците имаа можност да научат како се одгледуваат

печурките буковки, преку практична работилница. Како опрема училиштето доби: инсектицидна светилка, дигитален микроскоп, термохигрометар, светлосен термометар,, убоден термометар, лед светилки, сушара, мелница, голема дигитална вага.

- Учество на Четвртата Мировна конференција, проект на Меѓаши „Мировно образование.

- Етвининг проект Новел маперс -6 држави учеснички-Македонија, Грција, Турција, Романија, Италија и Грузија да се поттикне свеста за читање на литераурни дела и да се анализираат истите со креирање на дигитални производи

1.16 СЕМИНАРИ, ДЕСИМИНАЦИИ И ОБУКИ ЗА НАСТАВНИЦИ

- Обука за наставници за OWIS методологијата, како нова настсавна метода и техника, која ќе ја поттикнат креативноста, активизмот и критичкото размислување кај учениците за прашања од животната средина, одржливиот развој и циркуларната економија.

- Обука на тема Поттикнување на оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки предизвици. Обуката се реализираше цо соработка со БРО и ЦЕС Академија.

- 11.11.2025 година ,,Примена на проектен менаџмент во програмата за ученички компании“ во организација на Џуниор Ачивмент Македонија – Скопје.

- 03.06.2026 година ,,Обука за тестатори“ ДИЦ

-19.08.2026 година Примена на дигиталнни алатки за интерактивна и персонализирана настава во организација на БРО.

-26.09.2026 година Тренинг обучувачи ,,OWIS – One world in School“ Методологија – ЛЕАД

-05.11.2026 година Како да привлечеме идни ученици: промоција и маркетинг за наставници и училишта – ЛЕАД и Клуб на наставници.

-26.05.2026 година Кариерно советување/насочување на ученици – ЛЕАД и Клуб на наставници.

- Програма за градење на капацитети на кариерни советници – Европска куќа Велес

-06.10.2026 година Зајакнување на вештините на стручните соработници за професионална и кариерна ориентација кај учениците.

II Мисија на училиштето

Институција фокусирана на подигнување на квалитетот на наставата преку современи услови, инклузивна клима и интерактивни методи за создавање квалитетни, креативни и иновативни кадри кои брзо ќе се адаптираат на потребите на современото општество.

Мото

Учи стручно работи паметно

Слогани

„Со знаењето се чувствуваме посигурни, подобро владееме со ситуацијата“

„Силата на креативната мисла и зборот ни ја отвора тајната врата на успехот“

„Другите работи можат да се изменат, но ние започнуваме и завршуваме со нашите ученици“

„Преку серија од мали нешта до повисоки цели“

,,Поставувањето на новите предизвиците не прави посилни“

Визија

Училиштето да прерасне во современа инклузивна институција препознатливи по позитивни човечки вредности: знаење, компетенции и вештини, создавајќи квалитетен кадар според потребите на современото општество и бизнис секторот .

IV. Утврдување на подрачја на промени

Приоритет 1: Наставним планови и програми

Цел 1. Зштита на менталното здравје

1.Изработка на прогтрама за ментално здравје. Формиран тим и изработка на програма за ментално здравје.Во рамките на оваа програма беа планирани и реализирани повеќе активности и работилници: ,,Ментално здравје“ , Форум театар ,,Врсничко насилство препознавање и превенција“, работилница ,,Емоции“, ,,Управување со конфликти“, ,,Родова еднаквост и сексуално насилство“.

Цел 2: Поттикнување на наставниците за подобра соработка во реализацијат на меѓупредметни цели.

1.Реализација на заеднички час кај сродни предмети. На почетокот на учебната година на ниво на активи наставниците изработија план за реализација на заеднички час по сродни предмети каде што имаше вклопување на наставните тени и наставната единица.Реализирани се повеќе вакви часови помеѓу колегите кај предмети и теми кои се сродни. Наставниците имаа изработено оперативен план за тој час. Преку реализација на часот се внимаваше на интересите на ученице , формите и методите на работа како би дошло до успешно совладување на материјалот поврзувајќи ги двата предмета .

Приоритет 2.Постигнувања на учениците

Цел 1: Опремување на училниците со ИКТ опрема.

1.Обнова на ИКТ опрема во училиштето. На почетокот од учебната година наставниците на ниво на активи направија листи со потребните наставни средства и материјали за работа. Училиштето ги набави неопходните материјали за непречено одвивање на наставата, додека во текот на наставната година се обезбедуваа дополнителни материјали кои беа потребни за воннаставни активности на ученицитр како и за непречено одвивање на наставата.Направена е и проценка на постоечката опрема и потребите од нова ИКТ опрема која треба да се набави во престојниор период.

Цел: 2 Работа со ученици со ниски предзнаења од основно обрасзивание.

1.*Идентификација на учениците со ниски предзнаења.* На почетокот на наставната година наставниците по соодветните наставни предмети ги идентификуваа и препознаа учениците со ниски предзнаења кои би имале потешкотии во совладувањето на настаниот материја и на кои им е потребна дополнителна помош и поддршка.

2.Надополнување на пропуштеното знаење кај учениците со ниски предзнаења. Во текона на целата учебна година се работеше со овие ученици преку дополнителна настава, помош при совладување на материјалот,дообјаснување како и пролагодување на материјалот за овие ученици.

Приоритет 3.Учење и настава

Цел 1: Поголема ангажираност и активно вклучување на учениците во реализација на наставата.

1.Примена на различни методи и техники за активирање на учениците за нивна поголема ангажираност за време на наставата. Реализирани интеракривни часови и часови со употреба на ИКТ во наставата со активно учество на учениците во процесот на усвојување на нови знаења.Преку вклучување во процесот на учење и примена на стекнатотот знаење во специјализирани кабинети учениците усвојуваа трајни знаење кои успешно ќе можат да ги применат во иднина.

Цел 2: Воведување на нова образовна квалификација за привлекување на повеќе ученици.

1.Избор на нова образовна квалификација. Оваа задача е поместена за почетокот на учебната 2026-2027 година и секој актив доби задача да размисли и предложи нов образовен профил .

Приоритет 4.Поддршка на учениците

Цел 1: Решавање на проблемот за пушење надвор од училишната зграда и означување на места за пушење.

1.Донесување на правилник за пушење надвор од училишната зграда и означување на места за пушење. Формиран тим за изработка на правилник.Изработен правилник врз основа на ,,Законот за заштита од пушење“, правилникот е усвоен на

Наставнички Совет и УО.Со овој правилник утврдени се и местата на кои ќе биде дозволено да се пуши. Истите ќе бидат и обележани на почетокот на учебната 2026-2027 година.

Цел 2: **Активирање на наставниците и учениците од здравствената струка во организација на едукативни активности за унапредување на здравјето (здравствена заштита, развивање на здрави навики).**

1.Реализација на активности за унапредување на здравјето. Формиран тим на почетокот од учебната година и изработена програма за унапредување на здравјето. Во рамните на оваа програма планиранисе и реализирани повеќе активности во и надвор од училиштето: Одбележување на светскот ден на дијабетисот на кој предавач беше д-р Елена Шуркова специјалист по педијатрија посветена на дијабетисот кај децата, Учество на членовите на ООЦК – Велес во зачувување на општото здравје кај населението преку бесплатни лекарски прегледи во соработка со ЈЗУ Општа болница Велес, одбележување на светцкиот ден на здравјето на тема ,,Здравјето почнува од природата – што внесуваме тоа стануваме“, предвање на тема ,,Информирај се денес заштити се утре“ со кое се одбележа месецот на хепатални заболувања, одбележување на месецот посветен на карцином на дојка преку едукативно предавање.

Приоритет 5. Ресурси

Цел 1: **Подеднаква вклученост на целокупниот наставен кадар во работата на училиштето во сите сфери.**

1.Подеднаква застапеност на сите наставници при формирање на тимови во училиштето.

Сите наставници подеднакво се вклучни во работата на училиштето преку учество во комисии, проекти и реализација на воннаставни активности.

Изготвил:
Горан Јанков – директор
Весна Славеска - педагог

